20252464783

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 68 став 1 алинеја 11 од Уставот на Република Северна Македонија и членот 4 од Законот за стоковните резерви („Службен весник на Република Македонија" број 84/2008, 77/2009, 24/11, 43/14 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 151/21, 74/24, 135/25 и 154/25), Собранието на Република Северна Македонија на седницата одржана на 3 декември 2025 година донесе

## СРЕДНОРОЧНА ПРОГРАМА ЗА ФОРМИРАЊЕ, ЧУВАЊЕ, ОБНОВУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА СТОКОВНИТЕ РЕЗЕРВИ ЗА ПЕРИОД 2026-2030 ГОДИНА

I.

1. Со оваа среднорочна програма за формирање, чување, обновување и користење на стоковните резерви за период 2026-2030 година, согласно со Законот за стоковните резерви, се утврдува видот и количината на стоковните резерви.

2. Стоковните резерви се формираат од производи кои се од исклучително значење за животот на населението во Република Северна Македонија.

3. Стоковните резерви ги сочинуваат: пченица, пченка, јачмен, оризова арпа, прехранбена сол, сурово сончогледово масло, нафтени деривати, лекови и медицински средства.

4. Количините на поодделни стоки во стоковните резерви се димензионираат така што да обезбедат покриеност на потрошувачка на годишно ниво за:

4.1. Прехранбени стоки

- пченица (меркантилна) за мин. 120 дена,
- пченка (добиточна) за мин. 30 дена,
- јачмен (добиточен) за мин. 60 дена,
- оризова арпа за мин. 60 дена
- прехранбена сол за мин. 60 дена,
- сурово сончогледово масло за мин. 60 дена,

пресметано според податоците за потребните количини на одделни земјоделско-прехранбени производи во Република Северна Македонија добиени од Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство и

4.2 Индустриски стоки

нафтени деривати и тоа:

- еуросупер 95 БС за мин. 5 дена,
- еуродизел БС (Д-Е V) за мин. 5 дена,
- екстра лесно ЕЛ-1 за мин. 5 дена,
- мазут М-1 НС за мин. 5 дена,

пресметано според податоците за реализирана потрошувачка на нафтени деривати во Република Северна Македонија добиени од Државниот завод за статистика или Енергетскиот биланс на Република Северна Македонија и

- лекови и медицински средства според листа која Владата на Република Северна Македонија ја утврдува секоја година.

5. Заради спремност за брза интервенција од стоковните резерви, 0,5% од стоковните резерви на пченица може да се чуваат во вид на брашно Т-500.

6. Заради полесно чување и одржување, оризот ќе се чува во вид на оризова арпа. Како ориз може да се чува максимум 2% од вкупната количина на оризова арпа во стоковните резерви.

7. Заради полесно чување и одржување, маслото за јадење ќе се чува во вид на сурово сончогледово масло. Како рафинирано масло за јадење може да се чува максимум 2% од вкупната количина на масло во стоковните резерви.

8. Под нафтени деривати се подразбираат: моторен бензин, дизел гориво, масло за горење - екстра лесно и мазут.

9. Структурата и количините на лекови и медицински средства во стоковните резерви ги предлага Министерството за здравство и се димензионираат така што да обезбедат опфаќање на сите неопходни лекови по фармакодинамски групи кои ги покриваат потребите на населението во воена, вонредна состојба и елементарни непогоди, сметајќи ги тука и серумите, дијагностиците и вакцините, кои ќе се набават со пресметан ризик дека не ќе можат да бидат потрошени во рок на траење, како и потребните лекови и медицински средства кои произлегуваат како обврска на Република Северна Македонија од меѓународни договори ратификувани согласно со Уставот на Република Северна Македонија, како и од членство во меѓународни институции и сојузи од областа на одбраната и здравството.

II.

Оваа програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-6805/1
3 декември 2025 година
Скопје

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.